# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МРЕЖА 23

## за периодот 2015-2020 година

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА МРЕЖА 23

МРЕЖА 23

Скопје, јули 2015 година

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР [ СТРАТЕШКИ ПЛАН ]


1. ВОВЕД . . . 5
2. КОИ СМЕ И ЗА ШТО СЕ ЗАЛАГАМЕ . . . 5
3. МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ . . . 6
-МИСИЈА . . . 6
-ВИЗИЈА . . . 6
-ВРЕДНОСТИ . . . 5
4. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ . . . 7
5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ 2015-2020 . . . 9
-ЦЕЛИ . . . 9
-ПРИОРИТЕТИ . . . 9
-Област ПРАВОСУДСТВО: ПРИДОНЕС НА МРЕЖА 23 КОН НЕЗАВИСНО СУДСТВО И КВАЛИТЕТ НА ПРАВДАТА . . . 9
-Област СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА: ПРИДОНЕС НА МРЕЖА 23 КОН ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СИНЕРГИЈА СО ДРУГИ МРЕЖИ . . . 9
-Област ТЕМЕЛНИ ПРАВА: ПРИДОНЕС НА МРЕЖА 23 ЗА ПОВИСОК СТЕПЕН НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ТЕМЕЛНИТЕ ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ . . . 9
-НАЧИНИ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ . . . 10
6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН . . . 11
-КАПАЦИТЕТИ И РЕСУРСИ НА МРЕЖА 23 . . . 11
-СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО . . . 11
Промена/влијание . . . 11
Резултати . . . 11


ПРЕДГОВОР [ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ]


1. ВОВЕД . . . 12
2. ЦЕЛИ И ЦЕЛНИ ГРУПИ . . . 12
3. ВИЗИЈА И МИСИЈА . . . 12
4. НАЧЕЛА . . . 12
5. ОБЛИЦИ НА СОРАБОТКА И ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ . . . 13
6. ЧЛЕНУВАЊЕ . . . 14
7. КОМУНИКАЦИЈА . . . 14
8. ЗАЕДНИЧКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАСТАПУВАЊЕ . . . 14
9. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ . . . 14

## ПРЕДГОВОР

Стратешкиот план на МРЕЖА 23 претставува појдовен документ во процесот на стратешкото планирање со кој се утврдуваат мисијата, визијата, вредностите и стратешките цели на среднорочен план до 2020 година. Стратегијата е одраз на напорите на членките на МРЕЖА 23 за обезбедување одговор на утврдените уназадувања во областа на правосудството и на темелните права во Република Македонија, преку јасна заложба за примена на европските стандарди.

Овој план треба да придонесе МРЕЖА 23 да постигне синергија и да го зголеми ефектот од заедничкото дејствување на граѓанските организации во областите што ги покрива Поглавјето 23 - Правосудство и темелни права од пристапувањето во ЕУ, сè со цел да се зајакне гласот на граѓаните во неопходноста од промени заради воспоставување стандарди на демократија и владеење на правото во македонското секојдневие.

Стратешкиот план е подготвен во рамките на Мрежа 23, проект финансиран од Европската Унија.

## МРЕЖА 23

Здружение на граѓани за еднакви можности „Еднаков пристап“ - Скопје

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија на Република Македонија - Велес

Здружение „НОВУС“ - Струмица

Здружение Плоштад Слобода - здружение за активизам теорија и уметност - Скопје

Институт за европска политика - Скопје

Институт за човекови права - Скопје

Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ - Скопје

Коалиција „Сите за правично судење“ - Скопје

НВО Инфоцентар - Скопје

Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - Скопје

Центар за стратегии и развој „ПАКТИС“ - Прилеп

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МРЕЖА 23

## 1.ВОВЕД

Мрежа 233 произлезе како резултат од спроведувањето на проектот „Мрежа 23“, финансиран од Европската Унија преку инструментот на ИПА за поддршка на граѓанскиот сектор. Проектот започна со спроведување во мај 2014 година. Основна цел на проектот е придонес кон имплементацијата на acquis во Поглавјето 23 од пристапниот процес на Република Македонија, преку структуиран придонес на мрежа на граѓански организации. Една од клучните активности на проектот беше грантовата шема за поддршка на национални и на локални граѓански организации кои се активни во областа на владеењето на правото.

Грантовата шема имаше цел да создаде платформа за мониторинг и евалуација на националните политики во контекст на примената на стандардите и на политиките од Поглавјето 23 – правосудство и темелни права.

Препознавајќи ја клучната улога на поглавјето во процесот на пристапување во согласност со Стратегијата за проширување на Унијата, граѓанските организации - партнери и грантисти на проектот, пристапија кон самоорганизирање на граѓанските организации.

Стратешкиот план на Мрежа 23 за периодот 2015-2020 е производ на партиципативен процес, преку работилницата посветена на изградување стратегија и кодекс на Мрежата, одржана во Струга, во март 2015 година, како и консултациите што претходеа и што следеа потоа.

Организациите, основачи на Мрежа 23, ја изразија нивната волја за продолжување на Мрежата и обезбедување нејзина одржливост.

## 2.КОИ СМЕ И ЗА ШТО СЕ ЗАЛАГАМЕ

Мрежа 23 се состои од здруженија на граѓани кои во своите редовни активности ги следат и ги евалуираат политиките од Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права и ги застапуваат своите ставови и предлози во овие области пред јавните власти.

Преку активностите на организациите и на Мрежата се настојува да се поттикне јавната дебата во Република Македонија за прашањата од областа на правосудството и на темелните права, покриени со Поглавјето 23 од пристапувањето во ЕУ, да се обезбеди влијание врз јавните власти и поширокага јавност, врз основа на истражување и на застапување базирано врз докази и аргументи, како и да се овозможи граѓаните да имаат свој збор во клучните прашања на демократијата и владеењето на правото.

Мрежа 23 се залага за независност на правосудството и обезбедување квалитет на правдата. Исто така, Мрежа 23 се залага за нулта толеранција во борбата против корупцијата. Клучна заложба на Мрежата е заштита и унапредување на темелните права на граѓаните на Република Македонија во согласност со нејзиниот Устав и меѓународните правни инструменти, особено Повелбата на ЕУ за темелните права и Европската конвенција за човековите права.

Мрежа 23 одблиску, на систематски начин, ќе ја следи ситуацијата во Република Македонија во областите содржани во Поглавјето 23 од пристапувањето во ЕУ и ќе се залага за директно вклучување на мрежата во дискусиите и во дебатите помеѓу засегнатите страни на државно и на локално ниво.

Мрежа 23 активно ќе придонесува во следењето на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото – Поглавје 23 (правосудство и темелни права) во контекст на процесот на пристапување. Мрежа 23 активно ќе ги следи преговорите за членство во ЕУ во Поглавјето 23, а кога тие ќе започнат ќе го следи поставувањето и исполнувањето на одредниците за ова поглавје и ќе дава придонес со свои ставови, предлози и препораки.

# 1.МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ

## МИСИЈА

Мрежа 23 е релевантен учесник во креирањето и во следењето политики засновани на докази и на аргументи, во областите на правосудството и на темелните права, преку поттикнување активно граѓанство.

## ВИЗИЈА

Македонија е респективилна членка на ЕУ во која владее правото и се почитуваат високи стандарди за човековите права и слободи.

## ВРЕДНОСТИ

Во своето дејствување, Мрежа 23 поаѓа од следниве вредности:

### *Владеење на правото

Како основен демократски принцип, владеењето на правото треба да овозможи никој да не е над Законот.

### *Еднаквост и еднаков пристап до правда

Принципот дека сите се еднакви пред Законот и на сите им се обезбедува еднаков пристап до правдата, како основна демократска вредност, е една од појдовните точки на дејствување на Мрежата.

### *Транспарентност и отчетност

Транспарентноста и отчетноста на јавните власти треба да овозможат граѓаните информирано да ги оценуваат политиките на властите и да донесуваат одлуки, што истовремено ќе создаде услови граѓанските организации објективно да ги следат и да ги оценуваат јавните политики. Истовремено, транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации овозможува нивна одговорност пред нивното членст

### *Ефикасност

Целите треба да се остваруваат со оптимално трошење на ресурсите, но без штета на инклузивниот демократски процес.

### *Одговорност

Неисполнувањето и нарушувањето на утврдените права и обврски е основа за одговорност на сите нивоа. Принципот на одговорност на јавните власти претпоставува активно учество на граѓаните во процесите на политичко одлучување и на контрола на власта.

### *Правна сигурност

За да се обезбеди владеење на правото, правото мора да биде јасно и прецизно, а неговите последици превидливи. Неопходно е граѓанинот и сите правни субјекти да бидат информирани за нивните права и обврски и да се создадат услови во кои тие ќе можат да дејствуваат, свесни за условите и последиците од нивните дејства.

### *Дијалог

Дијалог со органите на јавната власт и со други организации, како и во рамките на Мрежата, ќе се одвива конструктивно, врз основа на аргументи и почитувајќи ги аргументите и ставовите на другиот.

### *Вклученост

Вклученоста на граѓанските организации и сите заинтересирани субјекти е основа за обезбедување широка платформа за изразување мислења, ставови, предлози и препораки, со цел учество во креирањето и евалуацијата на јавните политики.

*Учество на граѓаните

Граѓанските организации поаѓаат од потребата во демократскиот процес суштествено да учествуваат граѓаните, да се изразат и да се артикулираат нивните интереси и ставовите, како и да се почитуваат и заштитат нивните слободи и права.

*Рамноправност

Вклучувањето на сите субјекти во еден демократски процес на исти основи и со еднакви права и обврски е основа за правичност и за праведност.

*Партнерство

Заедничките акции со јавните власти, како и меѓу граѓанските организации, се засноваат на заеднички цели и интерес, почитувајќи ја еднаквоста и рамноправноста, врз основа на конструктивен дијалог, а имаат цел зајакнување на гласот на граѓаните во демократскиот процес.

## 4. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ

Во времето на донесување на овој план, Република Македонија се соочува со политичка и со институционална криза. Континуираното влијание на извршната власт врз останатите државни органи и институции доведе до назадување во развојот на демократските стандарди, што, пак, директно влијаеше на остварувањето на човековите права.[1]

На снимените материјали со прислушкување, објавени од опозицијата, кои укажуваат на сериозни злоупотреби од страна на претставници на власта и владеачките партии, нема соодветен одговор од институциите. Се бара политичка разврска преку унапредување на политичкиот дијалог, обезбедување услови за рамноправна политичка борба и функционирање на Парламентот во согласност со неговата уставна улога.

Не се почитува принципот на поделба на власта, а партиите на власт остваруваат контрола врз државните институции.

1 На ова се укажува од страна на голем број домашни граѓански организации и меѓународни извештаи во кои се констатира уназадување во областа на правосудството и на темелните права.

Интегритетот на институциите е сериозно нарушен. Директното мешање на извршната власт ја нарушува независноста на судството. Покрај тоа, сериозно е нарушен системот на проверка и на коректив, иако воспоставен во Уставот и во законите. Не е обезбедена функционална независност на правно независните тела во областа на правосудството и во темелните права. Тесната врска меѓу владејачките политички партии и институциите достигнува размери кои го загрозуваат уставниот поредок на Република Македонија. Нивото на контрола на партиите на власт врз државните институции доведува до атмосфера на страв кај граѓаните.

Просторот за јавна дебата е ограничен. Клучни политики и закони во областа на правосудството и темелните права се донесуваат без отворена, широка и конструктивна дебата на сите заинтересирани страни. Правната несигурност во земјата претставува проблем поради избрзаното донесување голем број закони, без соодветно вклучување и информирање на засегнатите страни и сите правни субјекти воопшто.

### Правосудство

Особено загрижува влијанието на извршната власт во назначувањето, унапредувањето и во разрешувањето судии и јавни обвинители, како и на членовите на независните тела и институции во областа на правосудството и човековите права. Тековното финансирање на судството не ги покрива трошоците во правосудството и со тоа се влијае врз неговата независност, како и на остварувањето на пристапот до правдата. Судската практика не е конзистентна. Не се создадени услови за професионалност и за непристрасност во вршењето на судската функција.

Нагласеното стимулирање на ефикасноста во донесувањето на судските одлуки влијае на квалитетот на пресудите. Алтернативните методи за разрешување на споровите во практика малку се применуваат.

Судовите и јавното обвинителство, како и другите институции во областа на правосудството и на темелните права не се доволно отворени за јавноста.

## Спречување и борбата против корупцијата

Политичкиот клиентелизам, вработувањето и унапредувањето по партиска припадност создаваат основа за широка распространетост на корупцијата и нарушување на интегритетот на сите институции. Постојат сомневања за сериозна злоупотреба на избирачкото право на граѓаните.

## Темелни права

Анализите на граѓанските организации – основачи на Мрежа 23, констатираат повреда на принципот на заштита од тортура, нехумано и нечовечко однесување, затворските услови се лоши, а мерката притвор се злоупотребува. Не постои доследност во одмерување на казната на сторителот на кривично дело и практиката во правосудството е неконзистентна. Воопшто или недоволно се користат алтернативните мерки на казнување.

Драстичен е падот на слободата на изразувањето и на медиумите, а говорот на омраза најчесто останува неказнет.

Се нарушува правото на слободно здружување и мирен протест.

Откриеното масовно следење на комуникациите оваа година укажа на масовно погазување на правото на приватност, сериозни злоупотреби од страна на власта и системски институционални слабости. Досегашната примена на посебните истражни мерки и спогодба во кривичната постапка отвораат сериозни дилеми за правичноста на постапката.

Нивото на спроведување на гарантираните процедурални права во судската постапка не ги задоволува европските стандарди.

Воспоставените механизми за заштита од дискриминација не функционираат соодветно и не ги задоволуваат европските стандарди.

ЛГБТ заедницата се соочува со насилство, дикскриминација, говор на омраза и останува без соодветна заштита од страна на државата.

Не е обезбедена конзистентност на мерките за остварување на правата на заедниците кои не се мнозинство за да се оживотворат целите на Охридскиот рамковен договор.

Постои уназадување на родовата рамноправност на ниво на легислатива, политики и на практики. Интеграцијата на Ромите, наспроти бројните декларирани програми и мерки, е исклучително бавна.Нетолеранцијата кон малцинските и маргинализираните групи има институционален карактер и доведува до нивна исклученост.

Граѓаните не се доволно запознаени со нивните права и начините за нивно остварување, како и за функционирањето на институциите.

Од држава која во долг период на транзицијата во регионални рамки беше предводник на реформите во областа на правосудството и човековите права, Република Македонија изминативе неколку години стана држава со ретроградни процеси во овие клучни области за демократијата, на што укажуваат голем број меѓународни извештаи.

Застојот на процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, пред сè, поради блокадата на отпочнувањето на пристапните преговори од страна на Грција поради спорот со името, несомнено имаше свое влијание врз постојните состојби, поради отсуството на надворешен поттик за реформи.[2] Меѓутоа, зачувувањето на демократските вредности востановени во Уставот на Република Македонија е, пред сè, и над сè, обврска на граѓаните на Република Македонија и ништо не смее да ја спречи одбраната на тие вредности.

Непочитување на уставниот поредок и законите достигнува размери кои бараат одговорност и преземање итни реформски зафати. Во оваа состојба, исклучително е значајна улогата на граѓанските организации – членки на Мрежа 23, кои преку своето вклучување во следењето, оценката и во застапувањето за реформи, можат да придонесат за надминување на сегашните исклучително тешки предизвици.

2 Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија од 2011 до 2014 година, во континуитет укажуваат на уназадување на реформите во оваа област. Експертскиот извештај на Европската комисија, објавен во јуни оваа година, утврди системски пропусти во областа на владеењето на правото од аспект на злоупотребените надлежности во следењето на комуникациите од страна на УБК.

## 5. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ 2015-2020

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1. МРЕЖА 23 Е РЕЛЕВАНТЕН ИЗВОР НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ЗАСНОВАНИ НА АРГУМЕНТИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА ПРАВОСУДСТВОТО И НА ТЕМЕЛНИТЕ ПРАВА**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. МРЕЖА 23 УСПЕШНО ГИ ЗАСТАПУВА ЗАЕДНИЧКИТЕ СТАВОВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, РЕГИОНАЛНО И ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3. МРЕЖА 23 ЗНАЧИТЕЛНО ПРИДОНЕСУВА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ**

### ПРИОРИТЕТИ

#### Област ПРАВОСУДСТВО: ПРИДОНЕС НА МРЕЖА 23 КОН НЕЗАВИСНО СУДСТВО И КВАЛИТЕТ НА ПРАВДАТА

-Избор и унапредување на судии и на јавни обвинители, врз основа на принципот на заслуги;

-Непристрасни постапки за одговорност и разрешување судии и јавни обвинители;

-Финансирање и управување на судството за гарантирање на неговата независност;

-Функционална независност и интегритет на независните тела во областа на правосудството;

-Компетентност и непристрасност на правосудните органи;

-Подобрување на квалитетот на пресудите;

-Правична судска постапка;

-Обезбедување подобар пристап до правдата, вклучувајќи и унапреден систем за бесплатната правна помош;

-Транспарентност и јавност во работењето на правосудните органи;

-Креирање и почитување доследна судска практика и нејзино објавување.

#### Област СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА: ПРИДОНЕС НА МРЕЖА 23 КОН ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СИНЕРГИЈА СО ДРУГИ МРЕЖИ

-Борба против корупцијата од високо ниво;

-Борба против политичкиот клиентелизам;-Оневозможување на корупцијата во изборниот процес;

-Спречување конфликт на интереси;

-Функционална независност и интегритет на независните тела во областа на борбата против корупцијата;

-Заштита на пријавувачите на корупција

#### Област ТЕМЕЛНИ ПРАВА: ПРИДОНЕС НА МРЕЖА 23 ЗА ПОВИСОК СТЕПЕН НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ТЕМЕЛНИТЕ ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ

-Остварување на гласачкото право без повреди и притисоци;

-Почитување и заштита на слободата на уверување, совест и религија;

-Почитување и заштита на слободата на здружување;

-Почитување и заштита на правото на приватност и стриктно ограничување на следењето на комуникациите;

-Унапредување на слободата на изразување на медиумите, вклучувајќи плурализам на медиумите;

-Измена на Законот за лустрација и доследност во законитоста на спроведувањето на процесот;-

-Почитување на начелото на презумпција на невиност;

-Определување на мерката притвор во согласност со законот и со меѓународните стандарди;-Обезбедување соодветни сместувачки услови во казнено поправни институции (хуман пристап, достоинство и дигнитет);

-Правично одмерување на висината на казните за сторителите на кривични дела;

-Примена на алтернативни мерки на казнување;

-Примена на алтернативни начини на решавање спорови – медијација и арбитража;

-Почитување на процедуралните права во судските постапки – слобода и безбедност, право на правично судење;

-Унапредување на правата на децата;

-Унапредување на заштитата на личните податоци;

-Воспоставување ефективни законски и институционални механизми за спречување и заштита од дискриминација;

-Унапредување на родовата рамноправност;

-Остварување на правата на заедниците кои не се мнозинство;

-Ефективни програми и механизми за интеграција на Ромите;

-Воспоставување функционален систем за заштита на ранливите групи и нивна интеграција во општествениот живот;

-Функционална независност и интегритет на независните тела кои дејствуваат во областа на човековите права во Република Македонија;

-Унапредување на професионалноста во функционирањето на адвокатската фела.

## НАЧИНИ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

Мрежата 23 ќе ги остварува своите цели и приоритети со следниве начини на дејствување:

-Следење и оценка на спроведувањето на политиките во Поглавјето 23;

-Анализи на состојби, актуелни случувања од Поглавјето 23;

-Иницирање прашања за јавна дебата;

-Подготовка на извештаи, документи на политики со давање препораки;

-Подготовка на предлози за јавни политики за донесување закони, давање мислења и други иницијативи;

-Лобирање на членките на мрежа 23 во креирањето на јавните политики релевантни за областа;

-Подобрување на информираноста на јавноста преку мрежа 23;

-Кампањи за прашања кои се од значење за членките;

-Организирање јавни дебати, конференции, тркалезни маси и други јавни дискусии;

-Заеднички реакции за важни случувања;

-Активности за застапеност во медиумите;

-Консултација, соработка и заеднички активности со професионални здруженија и со други граѓански организации и мрежи;

-Воспоставување соработка со регионални и со меѓународни асоцијации и мрежи;

-Искористување на потенцијалот и знаењето на Мрежа 23 во пристап до фондови и зајакнување на капацитетите на членките;

-Други облици на дејствување за кои членките на мрежата ќе се договорат.

# 6.СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## КАПАЦИТЕТИ И РЕСУРСИ НА МРЕЖА 23

Мрежата ќе ги јакне своите капацитети и ресурси со заедничко залагање на членките. Приоритети на овој план ќе бидат:

-Зацврстување, проширување и диспензирање на Мрежа 23 на локално и на национално ниво;

-Унапредување на етничката застапеност и разноликоста на организациите во Мрежа 23;

-Креирање стратегија за комуникација и застапување и обезбедување директна врска со граѓаните;

-Воспоставување и зајакнување структури и механизми на функционирање на Мрежа 23;

-Јакнење на капацитетите за истражување на членките;

-Јакнење на капацитетите за организациско и за финансиско управување на членките;

-Јакнење на капацитетите за тематско следење и евалуација на политиките од Поглавјето 23, вклучувајќи и примена на Методологијата за следење и за евалуација;

-Подготовка на квалитетни документи за јавна политика;

-Развој на концепт на менторство, надворешно и внатрешно рецензирање;

-Размена на најдобри практики меѓу членките, како и со други организации;

-Развој на соработката на регионално ниво, како и со организаци и со мрежи во ЕУ.

Мрежата ќе ја користи веб-алатката МЕРЦ 23 – МК-ЕУ ресурсен центар за своите активности и активностите на членките. Алатката е отворена за јавноста. Членките ќе придонесуваат за ажурирањето на податоците на МЕРЦ 23.

## СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО

Во среднорочниот период, Мрежа 23 ќе ги следи своите интервенции на две нивоа:

1) Ниво на постигнати резултати (outputs); и

2) Ниво на социјални промени (outcome) и тоа преку следниве индикатори

### Промена/влијание

1.Предлозите на Мрежата се земаат предвид од страна на националните субјекти во најмалку два процеси на донесување одлуки на годишно ниво;

2.Ставовите на Мрежата се земаат предвид од страна на меѓународните организации во најмалку два извештаи годишно;

3.Годишниот „извештај во сенка“ е релевантен извор за оценки на состојбите во пошироката јавност;

4.30% поголемо и влијателно членство 2020; 25% зголемен годишен опфат на граѓани во активностите на членките на Мрежата;

5.Мрежата стекнува видливост на регионално ниво на Југоисточна Европа.

### Резултати

1.Изготвен и објавен годишен извештај во сенка за состојбите во правосудството и во темелните права;

2.Најмалку 2 објавени документи за политики/куси резимеа на политики годишно;

3.Најмалку 2 подготвени истражувања и анализи на целата мрежа или заедно најмалку две членки на Мрежата;

4.Најмалку 3 иницирани јавни расправи (3);

5.25% зголемена годишна застапеност на Мрежа 23 во медиумите;

6.Најмалку 2 заеднички средби годишно со професионални здруженија и со други граѓански организации и мрежи.

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

## 1. ВОВЕД

1.1 Кодексот произлезе како резултат од проектот Мрежа 23, финансиран од Европската Унија, што го спроведува Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и Центарот за управување со промени. Во рамките на проектот беше спроведена грантова шема во која учествуваа десет граѓански организации, кои спроведоа активности на државно и на локално ниво. Кодексот на однесување е подготвен во рамките на Мрежа 23, проект финансиран од Европската Унија.

1.2 Здруженијата на граѓани – основачи на Мрежа 23, ја изразија нивната волја за продолжување на активностите на Мрежата.
Во тие рамки, здруженијата – основачи се согласија да го донесат овој Кодекс на однесување, со кој ќе се воспостават основните консензуално утврдени принципи и правила за дејствување на Мрежата.

1.3 Со Кодексот се уредуваат целите и целните групи, визијата и мисијата, начелата, облиците на соработка и заедничкото дејствување, членувањето во Мрежата, комуникацијата, како и заедничките документи и застапувањето на Мрежата.

## 2. ЦЕЛИ И ЦЕЛНИ ГРУПИ

2.1 Главната цел на Кодексот е да ги постави начелата на соработка и комуникација помеѓу членките на Мрежа 23 за да се овозможи нивно дејствување и наметнување како релевантен фактор во процесот на носење одлуки и јавни политики во однос на областите покриени со Поглавјето 23 од процесот на пристапување во ЕУ – правосудство и темелни права.

Целна група на Кодексот се здруженија на граѓани активни во следењето, евалуацијата и во застапувањето политики поврзани со правосудството и со темелните права во Република Македонија, медиумските работници, високо образовните институции, како и јавните власти на локално и на национално ниво.

## 3. ВИЗИЈА И МИСИЈА

3.1 Визија на Мрежа 23 е Македонија да стане респектабилна членка на ЕУ во која владее правото и се почитуваат високите стандарди за човековите права и слобода.

3.2 Мисија на Мрежа 23 е да стане релевантен учесник во креирањето и во следењето политики засновани на аргументи преку поттикнување активно граѓанство.

## 4. НАЧЕЛА

4.1 Членките на Мрежата ги засноваат меѓусебните односи на доверба, што подразбира толеранција, почит и разбирање.

4.2 Членките на Мрежата се обврзани на отвореност, одговорност, јасност, отчетност и транспарентност.

4.3 Членките на Мрежата се слободни и независни субјекти во однос на нивните цели, одлуки и активности.

4.4 Мрежата се раководи од принципот на рамноправност на членките во процесот на донесување одлуки и целокупното дејствување.

4.5 За исполнување на визијата и на мисијата на Мрежата, секоја од членките на Мрежата дава соодветен придонес во работата на Мрежата.

# 5. ОБЛИЦИ НА СОРАБОТКА И ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ

5.1 Членките на Мрежата се информираат за меѓусебните активности кои се однесуваат на Мрежата. Пристапот до информации е основа за сите понатамошни чекори за исполнување на целите на Мрежата.

5.2 При донесување одлуки, членките меѓусебно се консултираат. Членките даваат свое мислење за тековниот развој на настаните и бараат коментари и повратни информации. Иницијативите и темите доаѓаат од страна на сите членки на Мрежата, во согласност со принципот на рамноправност.

5.3 Секоја членка на Мрежата има право да иницира дијалог. Дијалогот може да се одвива од отворени јавни расправи до специјализирани состаноци меѓу членките и може да води до заедничка анализа, став, документ на политиката, препорака, мислење, предлог и друга заедничка акција.

5.4 Заедничкото дејствување на Мрежата се одвива преку партнерство на членките. Партнерството подразбира споделена одговорност во секој чекор од процесот, тргнувајќи од поставувањето агенда, формулацијата, донесувањето одлуки и спроведувањето иницијативи.

5.5 Секоја членка на Мрежата учествува во градењето на капацитетите и вештините на другите членки за да можат да бидат активно вклучени во следењето и во евалуацијата на политиките, како и застапувањето. Градењето капацитети подразбира пренесување знаење и добри практики меѓу членките на Мрежата преку секојдневна комуникација.

5.6 Членките на Мрежата застапуваат заеднички интереси и покренуваат прашања за теми кои се однесуваат на Поглавјето 23, а не се покриени со законодавството или со други инструменти и мерки, или се несоодветно покриени.

Нивните анализи и истражувања содржат препораки кои претставуваат развивање нови решенија и пристапи и се залагаат за нивно вклучување во политичката агенда.

5.7 Членките на Мрежата учествуваат во градењето на свеста кај граѓаните за политиките од Поглавјето 23 и дејствуваат со цел да се зајакне гласот на граѓаните во креирањето и оценувањето на политиките.

5.8 Членките на Мрежата обезбедуваат експертиза и совети за различни области. Во рамките на Мрежата се изготвуваат анализи и истражувања кои ги идентификуваат тековните и идните потреби во општеството и се развиваат перспективи.

5.9 Членките на Мрежата го следат процесот на донесување одлуки и јавни политики во однос на Поглавјето 23, со цел да се земат предвид интересите на засегнатите страни, а процесот да биде инклузивен и транспарентен.

5.10 За остварување на облиците на заедничко дејствување, Мрежата ќе ги користи и следниве алатки и механизми:

- Дата базата МЕРЦ, при што членките на Мрежата се согласни нивните публикации да се објавуваат на оваа веб-алатка;
- Онлајн алатки како е-петиции;
-Дисеминација на постери и на флаери;
-Кампањи и лобирања на граѓанските организации насочени кон подигнување на свеста;
-Соработка со медиумите, расправи и јавни форуми со различни групи за идентификување на нивните интереси;
-Семинари, обуки и граѓански форуми за дискутирање со засегнати страни;
-Лични контакти итн.

5.11 Мрежата ќе остварува соработка со професионални здруженија, како и релевантни институции кои се чинители во процесот на донесување одлуки и јавни политики во Поглавјето 23.

## 6. ЧЛЕНУВАЊЕ

6.1 Пристапувањето и членувањето во Мрежа 23 е доброволно. За членувањето во Мрежа 23 не се плаќа членарина.

6.2 Член на Мрежа 23 може да биде секое здружение на граѓани регистрирано во Република Македонија, основано најмалку една година пред денот на пристапување во членство кое дејствува во областите опфатени со Поглавјето 23 – правосудство и темелни права, и активно може да даде свој придонес кон развојот на политиките и на законодавството од Поглавјето 23 – правосудство и темелни права.

6.3 Здружението кое ги исполнува условите за членство ќе стекне статус на член на Мрежа 23 по претходно информирање и консултирање меѓу членките на Мрежата, при што е неопходно најмалку две третини од постојните членки да се согласат за пристапување на ново здружение.

## 7. КОМУНИКАЦИЈА

7.1 Членките на Мрежата ќе се состануваат најмалку двапати годишно на ниво на претседатели/директори, при што ќе го разгледуваат спроведувањето на овој Кодекс и стратешкиот план на Мрежата, како и други прашања на иницијатива на членките.

7.2 Секоја членка на Мрежата назначува лице за комуникација. Комуникацијата е првенствено електронска, и таквата електронска комуникација меѓу наведените лица за комуникација се смета за официјална комуникација.

7.3 Иницијативата за комуникација може да дојде од која било членка на мрежата. Институтот за европска политика (ЕПИ) има улога на координатор при комуникацијата, односно негова задача е да обезбеди заемно информирање на членките на Мрежата.

Воедно, ЕПИ ги препраќа усогласените предлози на Мрежата до надлежните институции и други чинители, и обратно. Воспоставувањето заедничка точка за контакт не ги ограничува здруженијата во остварувањето соработка со надлежните државни институции.

## 8. ЗАЕДНИЧКИ ДОКУМЕНТИ И ЗАСТАПУВАЊЕ

8.1 За објавување и за застапување заеднички документи на Мрежата, членките на Мрежата постигнуваат согласност преку процес на консултации. За еден документ да биде објавен и промовиран како документ на Мрежата, потребно е за неговата содржина да се согласат најмалку две третини од членките. На документот ќе бидат наведени називите на членките кои се согласуваат со неговата содржина.

## 9. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ

9.1 Измени и дополнувања на овој кодекс се вршат со согласност од две третини на членките, на предлог на една или на повеќе членки, по претходна консултација на сите членки.

Институт за европска политика. Скопје

ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИНАНСИРАН ОД
ЕВРОПСКАТА УНИЈА И КРАЛСТВОТО НА ХОЛАНДИЈА

Kingdom of the Netherlands